РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 и 142/16), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

Примено: 24.04.2017			
Орг. единица	Број	Прилог	Вредност
11	2247	1	

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Вид надзор: **контролен**

2. Субјект на надзорот: Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево

3. Датум на извршување на надзорот: 24.04.2017 година.

4. Предмет на надзорот:

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврската во член 141 – *„Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис“* од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16).

5. Претходно изречена мерка:

Решение за опоменување Уп.1 бр.11-212 од 04.04.2017 година издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-1748/1 од 30.03.2017 година.

Решението е уредно применo на 05.04.2017 година.

6. Констатации од надзорот:

Со контролниот надзор врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз

ДООЕЛ Кичево констатирано е дека операторот постапил во целост по упатеното решение.

Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права